Магдалена Чапаровска

# СКРШЕН АВАТАР

СКРШЕН АВАТАР
Магдалена Чапаровска

Издавач:
Современост - Скопје

За издавачот:
Стефан Марковски

Уредник:
Славчо Ковилоски

Лектура:
Верица Тоциновска

Компјутерска обработка:
Даниела Крстевска

Тираж: 300

Магдалена Чапаровска

# СКРШЕН АВАТАР

СОВРЕМЕНОСТ
Скопје, 2019

“...прозата е лов на човек, поезијата на еднорог”.
– Ален Боске

На моите родители
зошто ми изградија розов свет

# Виртуелни превирања

## што ако...

кога на еден ден
пратените електронски пораки
би станале црни гаврани
темни крилја би ни го прекриле небото;
гласни клунови – би ни го голтнале мирот
распарани канџи – би ни ја украле самата светлина.

кога на една ноќ
онлајн информациите би се претвориле во капки:
брзаци, диви бранови, улави морињa и океани
- не би ни дозволиле да го дочекаме утрото.
водена стихија би ни ги потопила соништата
и пред да се разбудиме.

# аватар

1.
малечко огледало
до мојата душа,
еден клик и веќе
таму си.
дојди!
не те гледам.
тргни!
но, каде?
телата ни ги напуштаат границите
на тродимензионалниот свет.

2.
во удобноста на своите домови
стискаме безброј копчиња.
смееме, умееме.
магични кругчиња
позајмуваат хоризонти од нечиј... туѓ град.

3.
посакуваш да ме најдеш
посакуваш со обично движење на раката...
желбата оживува.
сега чекориш во лавиринт издлабен од амбиентална музика
оригами ги замениле лустерите
живи бои се држат за раце.
грлата на скакулците
ти го отвараат патот.
сенките се рамки по ѕидовите.
ти чекориш
јас чекам.
кога дознавам си залутал
се осмелувам да те побарам.

4.
лебдам. лебдам и одговарам
прашања.
дигитални траги, прекинати линии.
зад себе ги оставам тунелите,
свиоците, мостовите
и последното светликаво езеро.
во целосен мрак, те наоѓам. те наоѓам
клекнат, склопчен во подножје;
го гушкаш мојот аватар.
слеп си за... *јас*.
“тука сум!”
едноставно не ме препознаваш.

5.
јас сум форма
ти си слика. тажна слика. слика од скршен
аватар.

ти си слика
јас сум форма. тажна форма. осамена силуета пред екранот.
ме чувствуваш!?

# монитор

син свет врз моето лице
син свет без граници.
внатре во мене замираат сите пиксели
пред мене стои книга без страници.

(читам наопаку)
тоа е мојот одраз.

## интимност

тивки сведоци на нашиот очај
страсни гласници на успехот, победата.
за светот сме: светли, совршени, магични
за нашите смартфони човечни монструми.... обични.

## **ембрион(и)**

магичните правоаголници во раце
ни се папочна врвка до *целината*.
врескаме вознемирено и при споменот
за ножици.

# пост љубов

праќам збор што не постои
сè поради тоа што во дланка чувам изглодано јаболко.
ти праќам збор што не постои
пишувајќи од мојот андроид.

сонувам: постоиме *ние*.
сонувам: не си само *ти* и не сум само *јас*.
се будам.

жештината ми ги залепила мислите,
троми ми се чекорите.
освен машината за кафе неопходен е и твојот
аватар.
мижуркам и пребарувам.
полначот не è на вообичаеното место.
како меурче од сапуница се распрснуваат сите твои
пораки,
сите наши кратенки. прашалници ги издолжуваат
минутите.
со извичници ги сечам зглобовиве.
со пена в очи го барам твојот лик.
те нема.

сонувам: носам стар џемпер удобна во твоја прегратка.
сонувам: делиме колиба.
сонувам, шума што заоѓа пред нашата насмевка.
сонувам: четири испреплетени тела, музика без име, желба без компас.
шарени пилули и празни флаши. долен веш со точки. лушпи од портокал.
утрото се протнува низ дим.

се будам.
вниманието ми го оттргнува онлајн натпис:
“кој тука е реален: зборот или љубовта?”

# пост љубов, 2

дрвјата си ги менуваат лисјата
а ритуалот за мене останува ист: попладневна прошетка со кучето.
додека тоа ја душка тревата јас в раце држам паметен телефон:
горе, долу
право кон центарот на светот.

далеку: мигранти прерипуваат огради
урагани голтаат острови
земјотреси сеат жртви;
јужна земја протестира, а некоја северна област културно си рециклира.
во соседната држава премиерот сеуште диктира...
терористичкиот напад му се заканува на блескавиот град!

тука: не го гледам сонцето,  се кријам од ветрот
се сопнувам по облаците и го одминувам *него* - љубовта на мојот живот.
тој загледан во екранот
не ме ни забележува...

уште несретнати осудени сме да се разидеме.

## пост љубов 5

(Е-леснотија)

почетокот е лесен колку и
клик на тастатура;
крајот пак тежок
колку и пад на безжична мрежа.

# интернет

илјадници улици
и милион прозорци
низ безбројните градови по светот.

од мракот на мојата соба
го барам тајниот портал
каде јас и ти безгрижно постоиме
во иста димензија.

# сцени (колективна свест)

“The dwell is ancient.”

кога ќе ги затворам очите
сеуште гледам слики,
флоуресцентни тунели
носат покани од темнината.
нечии гласови шумолат безброј фрази...
симетрични цветови ги менуваат боите,
фигури чии димензии се зголемуваат и намалуваат
рамки што се прелеваат
личат на видеа од јутјуб...
њу ејџ музика свири во позадина.

дали веруваш во х-зраци?

кога ќе ги затворам очите
и без стимуланси - гледам слики.
чиј пророк сум јас?!

# ЛОВ

1.
во црна соба
лутаме низ флуоресцентни тунели
во оваа голема црна соба
ги криеме своите мотиви.

свеста ја оставаме пред влезот; жедни сме.
свеста ја оставаме пред влезот; тажни сме.
свеста ја оставаме пред влезот; пршлен сме од толпата.
свеста ја оставаме пред влезот; демонот ни го буди електронска музика.

2.
со празни мрежи
се враќаме дома.

# потрага

некогаш:
префрлавме хартиени авиончиња
преку училниците.
таблата и кредата не’ учеа за светот.

денес:
океан информации ни е хоризонт.
морепловци сме во удобни ќошиња
каблите се јарболи, а секоја интернет страница мапа.
денес жарко трагаме по ветено богатство - закопано в памтивек.

ретки се оние
со внатрешен исправен - компас.

# Љубов или разделба

## во отсуство на одговор

царство што сакам да го покорам
чвор што треба да го отплеткам
сложено судоку. мистерија. хистерија!
кулминација, равенка, равенки со шест непознати
загатка, теорија на заговор
превез над разумот
сите јазици што никогаш не ги совладав, а сакав...
бермудски триаголник, жива песок
цел еден подземен град испишан со хиероглифи
симбол
лузна од раѓање до смрт
и точка и бескрај
и љубов и страв.

во раце си рубрикова коцка без бои.
на хартија - песна во зародиш.

# заминувам поради љубов

ќе доаѓам кај тебе
само за да ги сменам годишните времиња,
ветерот ќе го понесам
радоста ќе си ја скријам во пукнатините од твојата када.

од маглата на нашите воздишки
од трансфузијата на нашите честички
од неизреченоста на допирите
во самото грло на тишината
се создава љубовта.
на *нашата*
синоним и е слободата.

ќе доаѓам кај тебе
но секогаш, секогаш,.. брзо
ќе заминувам.

## празнината ни е мајка

твоите воздишки се гас од кој се раѓаат ѕвездите;
издишуваш: мојата кожа трепери под искрите.
твоите прсти се збир виолински клучеви;
ме галиш: јас една по една... ги откривам тајните.
твоите бедра го придвижуваат и времето и просторот
сите сокови во мене од мене над мене до тебе,
сѐ што знаеме, а не умееме.
топлина!

во мрак низ далечина, умесна тишина
се враќам на почеток.
се сеќавам сега, јас бев ветар
...зачнат од празнината.

# историја

одлучивме да почнеме:
рабовите на светот се склопија па отворија
под нашите стапки
висеа приказните.

одлучивме да продолжиме:
капката го пронајде изворот
изворот ја пронајде реката
реката го пронајде морето...
плимата не пресели на месечината.

одлучивме да застанеме:
земјата се тресеше долго
болно.
крик!
птиците заборавија да пеат.

подолживме:
неколку глечери се одмрзнаа
неколку комети избрзаа
... прстените на планетите ротираа
во твојата рожница.

престанавме:
хоризонтот срасна со мрачното небо.
саќи наместо снег.
молк.
немоќна од подземјето предвидов:
еден ден ќе станеме артефакт.

# катастрофа: ние

додека малтерот од ивиците на светот се одронува
јас и ти сме црна контура на бела хартија.
земјотресите: нема да ја урнат нашата похота
поплавите: нема да ни ги избришат бакнежите
ураганите: нема да го сменат правецот на нашиот здив, на овој стих...
вулканите, лавата, таа е поладна од крвта што струи низ срцава.
експлозиите се неми... пред тупотот во градиве.

ништо нема да не уништи нас:
сем ние самите – меѓусебе!

# спорадични љубовници

1.
(оди или застани)

ги облекувам чевлите, но срцето ми тропа под твоја прекривка.
таму ми се и: кожата, насмевките, алвеолите, ѕвездите што ми ги штитат очите.
на задното седиште од такси возилото
во глава ми одекнуваат наши зборови и привиди.
баричка сум на каучот до тебе.

ја отвараш ширум вратата
а во очи ме гледа сопствениот страв.
строго ме одмерува од горе до доле,
погледот му е прекорувачки.
“што бараш пак тука?” – прашува.
вулкан сум во ерупција, со сите сокови, лудости и грижи, штом ти ме замеш в прегратка.
во отсуство на време и простор, *ние сме едно*.

2.
(замини или остани)

спирала ми ги калеми чекорите и најпосле собирам сила;
се измолкнувам од тебе како сенка.
тешко е. дел од мене сака да остане, дел од мене.
ги влечам хулахопките, бакнувајќи ти го стомакот.
го облекувам фустанот, милувајќи те по грбот.
те прегрнувам.
те прегрнувам долго и силно.
*овој пат е, крај!*
до дома ме влечат босоноги самовили
следното утро во моето лице се буди сонцето.

3.
(посегни, молчи)

мирисот твој испарува од под прсти,

а потем

интимни сјалдови се потстанари во главава.

нашата прегратка е вечна:

цврстината, формата и интензитетот: различни.

останатото е исто.

(не)мир и тишина. далечина. ти си некаде... јас сум тука.

дали и празнината меѓу нас е илузија?

каде си? што мислиш? што сакам?

дење се кријам од мобилниот телефон

ноќе буката во себе ја спружувам пред небото.

лулка сум на неодлучност; месечината ми се чуди.

да пишам!? да се јавам?

блескавиот срп се кикоти: "светот е хаос... и без твои недоумици".

неидентификуваниот летечки објект кој живее во мене

ги пали своите мотори. молчам.

молчам молчам и молчам.

4.
(продолжи или престани)

минале недели, месеци, векови
-никој не брои.

апатичното секојдневие добива цел
после една твоја порака:
гaсениците стануваат пеперутки.
облаците мигрираат кон запад.

продолжувам!

5.
(оди и стој)

овој пат ги облекувам чизмите и нестрпливо го бирам
бројот на такси компанијата.

однапред знам што следува: се лажам - не знам.

срцето со конци ми е врзано за твоја постела,
а јас пристигам за да ги сменам годишните времиња.
си вообрзувам како можам да го замрзнам и времето.
(знам, знам, безуспешно.)

6.
(сон)
најпосле ми велиш: “остани!”
заминувам.

## рефлексии

јас сум таа што држи огледало
пред твоето разбранувано езеро.
во него гледаш:
каде се слеват реките;
каде појат птиците;
каде мрестат рибите;
каде врбите ги подаваат гранките;
каде и кога заминува денот.

јас сум таа, јас ќе ти бидам огледало;
ако пронајдеш начин
да ги смириш, брзаците.

# роб

од твоите недостатоци можам да сплетам венец
кој ќе го носам гордо, на своја глава.
од твоите гревови можам да исковам ланец
од нас... па се таму, до големата експлозија.

залудно се препелкам -
не умеам да се ослободам.

# приватен ангел

со полукруг на дланкиве
можам да ја обиколам цела темнина
- во мракот сам мора да одиш.

со шилци на ребрава јас ќе вардам
врз тебе да не се урне, светот.

# **универзум**
(В очи раснеме ѕвезди...)

границите се туѓи
линиите се бришат
а лузната се претвара во кратер.

ако рељефот ми е кожа
морето го облакам ко лелеав фустан...
низ коси ми дише
ветар.

границите се туѓи
линиите се бришат
кога сме едно -
внатре станува надвор:
таванот е ѕвездено небо
килимот – трева
креветот лулашка со која патуваме во друга димензија.

кога сме едно -
надвор наликува на она кревко внатре
празнината е завиена
во пулсот од нашите тела.

границите се туѓи
линиите се бришат
прскам како лава
кога сме едно!

# разделување

разделување е тлото без тебе
но разделување е и ова дрво... на кое цутиме.
разделување е песочниот часовник во мојата кујна
и облачниот поглед од твојот прозорец.

разделување е оваа пустина
разделувањето врз моите рожници бои пајажина
разделување се сите точки кои ги ставаме
а се враќаат цели
редат, нижат,
долга, долга пукнатина.

разделување е и мостот
кога стапките твои по него се во туѓа придружба
и моите лутања, таму долу.
разделување е и зракот
зракот прекршен во морска длабочина.

разделување е кратерот каде се споиле нашите тела
разделување е бездната што ја крадеме
разделени се и нашите усни, нашите дланки;
светот во кој постоиме е една чудесна, широка,
 неодложна, неизвесна, неспокојна – разделба.

# тој и таа

тој и таа
ете вчера беа туѓинци
денес се познаници.

тој и таа
ако вчера беа познаници
од оваа ноќ се љубовници.

тој и таа
си ги запознаа:
завоите кон темнината
сите тајни знаци и ресички
стишените искрички.
си ги шепотеа стравовите под сплотено ќебе.
тој и таа чекорејќи по мост од надежи... стигнаа
до утре.

кога едно сламче ветрот помести
тој и таа
веќе од следното утро – пак,
беа туѓинци.

тој и таа... додека светот го пребаруваат
со стапки ги кршат компасите.

## **средба**
(looking for you… still looking)

...по цела вечност
на крајот од темен ходник те сретнувам
зад нас аквариум
пред нас платно што се крева.

дијалогот тече, сижето се згуснува
кулминација е делот каде ги стискаме усните
а телата ни течат како мастила...

просторот го бои најсина музика.

# Елементарни пребарувања

## конформист

1.
горе некаде сини облаци
стануваат сиви
пред да го исполнат зимското небо.
ќе се набутаат во секое празно седиште како силуети пред платно во кино.

сиви облаци над автопатот,
сиви облаци на пазар
сиви облаци во паркот... во училиштето, пред барот;
стражарат над мојот балкон – сиви облаци.

сивите облаци се на тајна мисија
бојата да ни ја присилат врз смрзнатите лица.

2.
попладне кога во собата е светло
рамо до рамо со сенките
се сокривам во аголот.
одамна научив: да се камуфлираат јарките бои
- е сигурен, проверен метод за преживување.

# љубовта е круг... природата е љубов

ситна и мокра
лесно
влегувам во тебе
како капка што испарува и се спојува со просторот.

но ти
иако лесен ко пердув
со дух на див ветер
ме поземаш
ме грабаш и префрлаш кон далечни полиња
рамници што не ги познавам
долини туѓи
до
крути клими
и сурови, сурови зими.

врз образот
на непознат облак се лизнувам
а двојничките мои
го потопуваат
копното!

## елементарни пребарувања

еден ден се уморив да бидам човек
па се претворив во кауч.
ги дочекував и испраќав гостите
ги вшмукував влакната на милениците
по мене се мазеа, лазеа децата
мажите дремеа
жените читаа.
се досадував; бев пристоен, послушен.
еден ден се уморив да бидам кауч
па се претворив во црвена лисица.
трчав по зелени пољани
трчав по снежни долини
трчав, се криев и ловев.
зад мене виореше рунтава опашка...
јас трчав, дива и слободна.
еден ден се уморив да бидам лисица
па се претворив во сина пеперутка.
летав лесно над цвеќињата
летав лесно под облаците;
низ моите крилја минуваа зраците.
нектарот ме ранеше,
месечината лулаше.
еден ден се уморив да бидам пеперутка
па се претворив во карпа.

станав пристаниште за роса
- темел за виножито.

боси стапала танцуваа по мене... чизми, чевли без број
стоев цврста и кога ѕвезди паѓаа во рој.
една пролет низ мојата пукнатинка
прорти млада фиданка.
крепејќи ја неа, ја чував вселената.
еден ден се уморив да бидам карпа
па се претворив во огномет.
гласен, светол и силен,
бев гласен, светол и силен...
бев гласен, светол... бев, бев.
плашев и возбудував се дури не’ изчезнав.

еден ден се уморив да бидам: човек, кауч, лисица, пеперутка, карпа и огномет.
решив да станам поет.
меѓу мене и стиховите
стоеше само
- празнината.

# мртва птица

во жолтиот, набабрен мев
се уште се огледува сонцето.
клунот и е крив,
вратот - скршен.

кој ѝ го одзел животот на птицата?
кој ѝ ја стишил песната?
нејзиното студено тело молчи.

ја газат возила
додека лежи врз прагот од бензинската пумпа.
минувачи вртат погледи...
рој мушички полукружно ја чатат - букети нема.
асфалтот не е земја,
па не умее да ја земе в прегратки.

не можам да заспијам
не сакам да сонувам...
во мислите ми пее мртвата птица.

# гуштер

најпрво сечеш една од неговите нозе.
боли. блика.
потоа ја собираш целата земјина светлина
во рубин.
во неговите очи ќе остане
темнината.
провлекуваш линија меѓу взаемното
и неговата душа
а тој пак на небото беспоштедно
му ја позајмува бојата.
кога со секира му ја кинеш опашката...
и денот и ноќта во крвта се умилкуваат.

со секое следно утро
задниот пршлен му зазорува;
со секое следно утро
љубовта -
таа градот гуштер тајно го обновува.

# лебед

уморни гејши
со дланки го крепат неговиот врат.
лакот на сонцето
му ги гаѓа градите.
цибрина ги пара...
трагите.
клунот му е гудало.

ко сенка кристална
патник е -
меѓу небото и морето.

## огин

ти утроба си на змејот
и надгробна плоча за женска плот.
за толпата си страв и трепет.

мајка што спрема трпеза...
за бездомник спокојна постела.
за толпата си страв и трепет.

искра си во очите на вљубените
кои ноќум се греат под сенките на шумата.
за денот си возбуда.

запалка си, огномет...
за палави деца.
за денот си возбуда.

пред истрелот си сила
по него: смрт, крв, болка...вина! победа?
за мртвите си надеж.

за ѕвездите си живот,
за ѕвездите си почеток и крај!
за мртвите си надеж.

# осум цреши

осум цреши во пролетно попладне
решија да ја сплетат вечноста.
ќе успеат ли?!

осум цреши - сега се дршки и семки,
во дрвен сад.
нивната форма ја зајми грлово
аловоста ја украдоа... образиве.
*сѐ тече, сѐ...*
црвот кој лази по кујнскиот под е далечен братучед
на оној под твојот череп.

# безвременски фрагменти

мирисот на липите ги засени колачињата.
мирисот на липите се прикраде до вљубените.
мирисот на липите ги понесе и мудреците.
мирисот на липите ги довлече алергиите.
мирисот на липите, вовлечен во косите на девојките,
пролетта ни ја донесе дома.

боите на липите ни ги исцртуваат чекорите.
боите на липите флертуваат бесрамно со инсектите.
боите на липите се пријателки на сонцето.
боите на липите навечер ги покрива небото.

ѕвонот на липите го сонуваат децата.
ѕвонот на липите го имитираат птиците.
ѕвонот на липите го насетуваат и бандерите.
ѕвонот на липите вибрира по патеките… мостовите.
ѕвонот на липите одекнува низ сеќавањето
- на градот во преродба.

# во нас

зад нас осамнаа долините
зад нас осамнаа зелените гори
зад нас осамна и петелот со будилникот
единствено во спомени зад нас се бранува полето.

под нас се топи мразот
под нас расне морето
под нас цели роеви бубачки исчезнуваат
под нас белите мечки едвај преживуваат.

над нас кобен чад испушта оџакот
над нас завесата ја трга сонцето
над нас пластични птици прелетуваат
над нас нечиј приватен авион во неповрат заминува.

пред нас се издига тронот на градот
пред нас улиците се преполни со станици
пред нас мислите на скенер ги проверуваат
пред нас желбите се множат и шират... без граници.

спротивно од нас шиба ветрот
спротивно од нас минува реката
спротивно од нас дише билката

спротивно од наборите по нашите лица, се раѓа – вината.

во нас
во нас
во нас
скриена е тајна
во нас тлее промената.

# пејзаж во создавање

едната хемисфера е лага
другата вистина.
јас сум јазот измеѓу;
која сум и што барам?

на овој брег
реката ја нарекле *срећа*,
езерото модро – *тага*.

# баланс

секогаш сме две –
онаа што во дланки го држи светот
и онаа што не успева да ја додржи
ни шољата врел чај.

секогаш сме две –
онаа која со наплив надеж го дочекува утрото
и онаа што се крие под чаршафите до пладне.

секогаш сме две –
онаа што со глава во облаци, гордо чекори
и онаа што се тутка сама на подот од купатилото.

секогаш сме две –
онаа што му се насмевнува на огледалото
и онаа што со солзи во очи... собира срчи.

секогаш сме две –
онаа што ги прифаќа: пчелите, дрвјата, реката и пајажината
и онаа што не успева да се прифати ни себе.

секогаш сме две –
онаа што сама го спушта и крева сидрото
и онаа што очајно бара одобрување од другите.

секогаш сме две –
онаа едноставната јас
и онаа комплкуваната.

секогаш сме две –
онаа што бескрајно сака да остане
и онаа што сонува да побегне.

секогаш сме две –
онаа што им верува на луѓето
и онаа што се сомнева и во себе.

секогаш сме две –
и двете *денес* си ветивме
- ќе коегсистираме.

## со лупа врз себе го палам светот

моето утро е пејсаж од *ништото*
часовите - вирови досада
миговите - празнина.

денот ми наликува
на траурна клисура
во сплетено скриено седло
лебдам врз тишина.

...и оваа осамена ноќ
бесполезни ми се формите на ѕвездите, мените на месечините
стуткана е мојата ноќница
навнатре:
подавам рака па барам и пребарувам
горе долу
од срцето кон утробата
меѓу магла и јато недопрени светови
изнаоѓам и барам, нуркам, ринам
го барам преминот каде сокрив
еден и единствен
чист, сам, мој, зрак
- светлина!?

## релативитет на емпатија

една жртва на мојата улица
е пострашна од:
сто жртви во градот после реката;
илјада жртви во земјата зад океанот;
милион жртви во клисурата на неоткриена планета.

една жртва на мојата улица:
плочникот го вцрви
здивот го растревожи
немир покани
а и стравот од сон го измолкна ...

една жртва на мојата улица,
зад *утре* прашалник стави.

една жртва на мојата улица:
ме чува гладна а бесна;
уморна но жива;
тажна,
прекршена.

една жртва на мојата улица:
одмотува филм...

додека лежам, замотана во топла постела.

една жртва на мојата улица
ме потсети:
приказните се сепак приказни
ѕвездите далечни
а ние, ние сме проколнати
- животот да ни го ткае темна нишка.

една жртва на мојата улица
ми ја разбранува крвта...
посилно од стапката на смртта.

една жртва на мојата улица
има име, лик... број, и кобен час.

(исправете ме слободно, ако грешам.)

## научно откритие

научниците откриле:
срцето умира дваесет секунди пред мозокот.
се прашувам дали тоа е доволно време
за умот најпосле да прогласи автономија.

# тага

ќе ја спознаеш рано
или доцна...
но таа пристига.
нејзиниот темен вел
втренчено те прогонува долж станицата,
чекориш спроти шините
замислено се протнуваш меѓу патниците
а таа ти забодува нож в грб,
во далечина рика локомотивата.
нејзиниот парфем ги поплочува
ходниците на болницата -
тука е нејзина територија.
стуткана во плач
завиена во рана
свечено сведочи за нечиј последен здив.
нејзиниот шепот ги омајува
лицата и трошните ѕидови во чекалницата.
оди на прсти
чека докторот да заврши со визитата
седнува на работ од твојот кревет:
клокоти во мисли
буши в гради
гуши в грло

...
конците од нејзината лулка ја распнуваат твојата утроба.
штом сам (со молкот) останеш
ликот не ѝ го барај -
во тубите, зад арматурата.
зов пред полноќ ќе чуеш:
“болка или смрт?!”

ќе биде верна
зад
калливиот пат, бездомното куче, отфрленото дете
празната куќа и лудиот бездомник.
прамен од нејзината коса
ќе ти го стегне вратот
додека стоиш покрај надгробен споменик.

ќе ја запознаеш во мугри
или самрак...
рано или доцна...
сѐедно таа пристига.

# место

подалеку од твојот матичен број
подалеку од иницијалите на твоето име
подалеку од бојата на кожата, косата
подалеку од географските координати на родниот град
подалеку од регистарските таблички на твојот автомобил
подалеку од името на државата во која си се’ преселил
подалеку од печатот во пасошот
подалеку од должината на твојата улица
подалеку од цената на твоето живеалиште
подалеку од парцелата што е кафез за твоите коски
подалеку, подалеку... уште подалеку;
некаде внатре – мирува одговор
кога пред него ќе стигнеш, часот ќе те одмине
ќе разбереш
- никогаш и не си бил
никаде, другде.

# Сини минути

# блаженство

покривка небо
постела море.
наутро: венец благодарно сонце цути бели мисли;
навечер: црнило скротувам во лулката на месечината.

јас сум дете на Универзумот!
(... моите солзи храна за почва...)

# пат

немирот му го подарив на ветрот
мислите станаа – бран од диво море.
се поклонив пред сонцето
помолив под месечината.

струјата ме зема во прегратка...

едно станав со чекорот.

## мир

иднината е планина;
врвот ѝ е закотвен некаде длабоко во нас.

# украден мир

на остров, сред градина
расне – маслина!
пенеј ѝ е дедо
дафна – мајка,
косата мамка за самовили.

ветрот ѝ подарил става
сонцето – плод;
за образи, синото небо ѐ огледало!

на остров, сред градина
расне – маслина!
некогаш
човек ја украл
- обиколувајќи ја со бодликава жица.

# крајот на летото

ветрот се одбива од пејсажот
а со себе ги носи последните остатоци летно безгрижие;
тревите, дрвјата, столбовите и мостовите
балансирано му се поклонуваат.

додека сите се зафатени
скришно
во куфер го пакувам здруженото синило од небото и морето,
со дланка на гради му нудам место... во срцево.

уште едно зрнце песок се лизнува низ песочниот часовник
уште едно лето...
уморна и модра
му се враќам на градот.

## тишина

(на Хана)

во воздухот е... и тука доле
во призмата на едно неделно попладне;
во твоите очи
во моето поле.

ме полни и празни
и веќе немам желби.
само ова сега и тука.

# Рецензија за книгата *Скршен аватар* од Магдалена Чапаровска

Втората поетската книга *Скршен аватар* на авторката Магдалена Чапаровска е обид да се пресликаат надворешните, но пред се внатрешни конфликти кои се резултат на турбулентиот, модерен екосистем. Самите наслови на циклусите во *Скршен аватар*, говорат многу. “Виртуелни превирања”, “Елементарни пребарувања”, “Љубов или разделба” во секој од нив потрагата, вечното себе-истражување и преиспитување го движи дејствието напред. Во последниот циклус “Сини минути” оваа иманентна потрага по нештото како да спласнува, скипнува. Чапаровска конечно наоѓа реден вид краткотрајно (привидно) спокојство. Слично како и во *Еленот слуша виножито* и во *Скршен аватар* интроспекцијата е неприкосновена движечка сила, која вешто го одмотува конецот, додека сетилата, интуицијата и потсвеста се алатки. Сепак во *Скршен аватар* желбата за себе-осознавање и себе-оформување е потпомогната, но и затрупана поради модерната технологија и новите социјални медиуми. Психолошката длабочина на Чапаровска и тука наоѓа примена.

Чапаровска пишува за да осознава и осознава за да пишува. Метафизичките прашања и дилеми одѕвонуваат низ нејзините песни. Чапаровска прашува: Кој сум јас? Зошто баш тука и сега? Која е смислата на постоењето? Има ли цел? Единствената разлика е следната алка која Чапаровска ја вметнува во синџирот: модерната технологија и новите медиуми. Денес наше огледало, наша алатка до себеспознавањето, не се другите, не се тродимензијалните искуства, не се каменот ни металот, туку модерната технологијата. Со згрутчени прсти алатките ги стегаме во рака заборавајќи дека она што го бараме не е материја, туку апстракно, длабоко чувство. Ако социјалните медиуми денес ни се огледало, енциклопедија ни е непрегледниот проток на информации. Дали оваа река ќе не однесе и потопи; ќе вроди со плод и живот? Дали современата технологија е привилегија или бреме? Тоа се прашањата кои делумно Чапаровска се труди да ги одговори преку поезија. Велам делумно, бидејќи во нејзините

творби секогаш зјае една невидлива врата низ која читателот има право да се нурне и самиот да изнаоѓа. Чапаровска се труди дилемите да ги осветли со лични увиди, но мал дел од нив остава и во мрак. О нејзината поезија секогаш постои простор за интерпретација.

"Виртуелни превирања" започнува со "Што ако..." каде авторката воспоставува еден хипотетичен свет во кој електронските пораки се *црни гаврани кои го голтаат мирот…нивните распарани канџи ја крадат самата светлина.* Во бујната имагинација на Чапаровска онлајн информациите се претвораат во капки вода кои се закануваат да нè голтнат во форма на водена стихија. Ваквите споредби ни малку не се случајни, туку вешто избрани и изделкани со намера да втиснат печат во свеста и потсвеста на публиката. Овие слики оставаат трајна импресија за кобноста на Интернет ерата.

Чапаровска неуморно се префрла меѓу: од една страна, промените во секојдневие како резултат на развојот на технологијата и медиумите, а од друга страна нејзините лични романтични превирања. Преминот кој авторката со своите стихови го креира меѓу реалноста и виртуелниот свет е драматичен, бурен и возбудлив. Со последниот стих од "Пост љубов" авторката дирекно прашува: "Кој тука е реален: зборот или љубовта?" Несомнено ваквата отвореност не е целосно типична за Чапаровска. Во поголемиот дел од песните, како и во самиот почеток на "Пост љубов" таа многу посуптилно си поигрува со значењата и формите. (*Праќам збор што не постои сè поради тоа што во дланка чувам изглодано јаболко).* Дали андроидот е јаболко во рацете на оваа модерна Ева? Дали изглоданото јаболко алудира на гревовите веќе сторени, а андроидот е оној кој нè става пред нови искушенија? Дали изборот на зборови е само наивен и случаен?

Во вториот циклус "Љубов или разделба" авторката уште при првата песна насловена "Заминувам поради љубов" наметнува нелогична контрадикција која ја поттикнува недоумицата и желбата читателот и понатаму да чита. Чапаровска умее да ја закопка публиката и во неа да ја оживее потребата да открива: зошто и како некој бега од љубов? Во "Разделување" таа ја завзема улогата на мрачен предвесник: *Разделување е кратерот*

*каде се споиле нашите тела /разделување е безднaта што ја крадеме/ разделени се и нашите усни, нашите дланки; /светот во кој постоиме е една чудесна, широка /неодложна, неизвесна, неспокојна – разделба.* Несомнено, авторката не верува дека љубовта е помалку вредна или значајна само поради тоа што во даден миг згаснува. Внатрешниот конфликт помеѓу роматично-еротскиот набој и желбата да се побегне од длабоките чувства и копнежи е сликовито и моќно евидентирана низ песните од овој циклус. Се наметнува прашањето: дали често бегаме од нашиот љубовник или од себеси?

Во "Рефлексии" авторката како да осозрева и најпосле не се плаши да ја открие пред се за себе, за саканиот, но и светот – љубовта. *Јас сум таа што држи огледало/ пред твоето разбранувано езеро./ Во него гледаш: / каде се слеват реките;/ каде појат птиците;/ каде мрестат рибите ... Јас сум таа, јас ќе ти бидам огледало/ ако пронајдеш начин /да ги смириш, бразците.*)

"Елементарни пребарувања" е циклусот кој се издвојува со оригинална мисла и свежи гледишта. Флората и фауната како и петте основни елементи се музи; стиховите тука се широлика, храбра алхемија. Така градот се преобразува во гуштер, мртвата птица и црешите не тераат да размислуваме околу смртта, емпатијата е релативна, а тагата пак има лик кој не гони долж железничката станица. Се чини дека надреализмот и фантазијата никогаш не го напуштаат творештвото на Чапаровска.

Во четвртиот и последен циклус читателот како и авторот може да земе оддишка. Читајќи ги песните насловени "Блаженство", "Тишина", "По пат..." – конечно чувствуваме мир. Нурнувањето низ сопствените длабочини и оттаму испливувајќи со мир в гради - внатрешен мир е поистоветено со магнум опус. Целата потрага, сите превирања, мудроста и разделбата, она што авторката, а несомнено и читателот го бара е - само мир! Чапаровска најпосле е: тука и овде. А зошто пак сини минути? Која е симболиката зад сината боја? Дали тагата и мелахолија? Дали овие "две сестри близначки" се оние кои порано или подоцна посетуваат сечиј живот? Постои ли можност синото да ја претставува водата; реката, езерото морето ... елементот на исконското и потсвесното!? Зборот минути пак ќе не врати онаму каде почнавме. До часовникот без стрелки... до оној со дигита-

лен екран, кој не прави свесни за времето што изминува, но одбива да ни даде точна и прецизна насока.

На крај можеме да заклучиме дека мистиката и замаскираната намера се главна одлика во поезијата на Чапаровска. Дискурсот е зачинет со метафори, алегории, персонификации и компарации за искуството да биде што по целосно. *Скршен аватар* е обидот да ни се отворат очите пред да биде предоцна; пред да се изгубиме во илузијата и сопственото *јас* да го замениме со недостижен аватар, целосно да се отуѓиме и скришно во себе да се скршиме. Но, ниту во оваа книга, како и во претходната, не изостанува умерената доза на оптимизам со кој топло ја препорачувам и оваа втора книгата поезија насловена *Скршен Аватар* на авторката Магдалена Чапаровска за печатење.

проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева

# Содржина

Виртуелни превирања
1. Што ако...
2. Аватар
3. Монитор
4. Интимност
5. Ембрион(и)
6. Пост љубов
7. Пост љубов 2
8. Пост љубов 5
9. Интернет
10. Сцени (Колективна свест)
11. Лов
12. Потрага

Љубов или разделба
13. Во отсуство на одговор
14. Заминувам поради љубов
15. Празнината ни е мајка
16. Историја
17. Катастрофа: ние
18. Спорадични љубовници
19. Рефлексии
20. Роб
21. Приватен ангел
22. Универзум
23. Разделување
24. Тој и таа
25. Средба

Елементарни пребарувања
26. Конформист
27. Љубовта е круг... природата е љубов
28. Елементарни пребарувања
29. Мртва птица
30. Гуштер
31. Лебед

32. Огин
33. Осум цреши
34. Безвременски фрагменти
35. Во нас
36. Пејсаж во создавање
37. Баланс
38. Со лупа врз себе го палам светот
39. Релативитет на емпатија
40. Научно откритие
41. Тага
42. Место

Сини минути

43. Блаженство
44. Пат
45. Мир
46. Украден мир
47. Крајот на летото
48. Тишина

Рецензија за книгата *Скршен аватар* од Магдалена Чапаровска

Изданието е поддржано од Министерството за култура на РСМ

Filename: Prelomena - Skrsen avatar
Directory: C:\Users\Korisnik\Documents
Template:
C:\Users\Korisnik\AppData\Roaming\Microsoft\Templates\Normal.dot
m
Title:
Subject:
Author: Windows User
Keywords:
Comments:
Creation Date: 8/7/2019 10:40:00 AM
Change Number: 19
Last Saved On: 8/12/2019 9:20:00 AM
Last Saved By: Korisnik
Total Editing Time: 54 Minutes
Last Printed On: 8/12/2019 9:20:00 AM
As of Last Complete Printing
Number of Pages: 85
Number of Words: 4,997 (approx.)
Number of Characters: 28,486 (approx.)